## 1.2. Економска активност

*Голем сезонски пад на индустриското производство во август 2003 година на месечна основа...*

Намалената производствена активност во август 2003 година поради годишните одмори, влијаеше на намалување на вкупниот обем на индустриското производство на месечна основа. Имено, сезонски детерминираниот пад во осмиот месец од годината е карактеристичен и за изминатите години, но во август 2003 година тој е најголем анализирано во последните десет години (22,7%). Падот делумно се должи на споредбената основа од претходниот месец (кога и покрај присуството на сезонскиот фактор беше остварена месечна стапка на пораст) и на намалувањето на производството речиси кај сите главни групи на индустриски производи. Така, освен производството на енергија кое оствари месечен пораст, производството на останатите главни индустриски производи, кои сочинуваат 86,2% од вкупното производство, забележа пад. Секторски анализирано, пад на производството е регистриран во преработувачката индустрија (од 23,0%) и секторот вадење на руди и камен (од 64,5%, кој делумно се должи на високата споредбена основа од претходниот месец), додека единствено во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода е регистриран пораст (од 11,5%). Во преработувачката индустрија, од вкупно 20 гранки, во 14 е регистриран пад на производството. Така, во позначајните гранки: производството на основни метали, текстилни производи, предмети за облека, доработка и боење на крзно, тутунски производи, хемикалии и хемиски производи и производството на прехранбени производи (кои сочинуваат 62,3% од вкупното индустриско производство) беше регистриран месечен пад на производството.

Графикон 4
Динамика на индустриското производство
(во %)




*...при задржан умерен просечен пораст од 3,7%*

Во однос на истиот месец од претходната година, во август 2003 година физичкиот обем на индустриското производство беше понизок за 7,3%, при намалено производство во преработувачката индустрија и секторот вадење на руди и камен, додека во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода беше регистриран пораст. И покрај високиот месечен пад, задржана е умерена просечна стапка на пораст од 3,7%, која главно го одразува порастот на производството на основни метали и производството на нафтени деривати.

**Бруто домашен производ во вториот квартал од 2003 година**

Во вториот квартал од 2003 година продолжи позитивниот тренд на движење на македонската економија, изразен преку интензивирање на реалниот пораст на бруто домашниот производ на квартална основа, кој достигна 3,0%* во однос на истиот период од 2002 година. Најинтензивен пораст е остварен во секторот "сообраќај, складирање и врски" и во трговијата од 7,3% и 5,7%, соодветно. Следствено, нивните учества во создавањето на БДП се повисоки за 0,4, односно 0,3 процентни поени и достигнаа 9,2%, односно 12,4%, соодветно. Додадената вредност во индустријата и во земјоделството оствари пораст од 3,4% и 2,5%, соодветно, но нивното учество во БДП е непроменето. Единствено секторот градежништво забележа негативни движења во вториот квартал (реален пад од 3,5%, при истовремен пад на учеството за 0,4 процентни поени).

За разлика од првиот квартал, во вториот квартал од 2003 година движењето на расходните агрегати на БДП имаше позитивна насока. Притоа, највисок пораст остварија инвестициите во машини и опрема и извозот на стоки и услуги (13,8% и 9,2%, соодветно). Порастот на јавната потрошувачка и увозот на стоки и услуги достигна 6,6% и 2,9%, соодветно.

* Прелиминарен податок на Државниот завод за статистика.